**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР.10-1385/3
од 15.08.2022година
ПРИЛЕП

Градоначалникот на Општина Прилеп, решавајќи по предлогот за одобрување на Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт 5.2, Блок 5.2.6, Општина Прилеп, од Комисијата за урбанизам на Општина Прилеп, формирана со Решение бр.08-37/1 од 04.01.2022 година и Решение за изменување на Решението за формиарње на Комисија за урбанизам бр.08-37/4 од 04.04.2022 година од страна Градоначалникот на Општина Прилеп, со број 10-1385/2 од 13.05.2022 го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува **ПЛАНСКА ПРОГРАМА,** поднесена со барање број 10-1385/1 од 06.05.2022 година, за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт 5.2, Блок 5.2.6, Општина Прилеп.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот **Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје** до Комисијата за урбанизам формирана со Решение бр.08-37/1 од 04.01.2022 година и Решение за изменување на Решението за формиарње на Комисија за урбанизам бр.08-37/4 од 04.04.2022 година од страна Градоначалникот на Општина Прилеп поднесе барање за одобрување на **ПЛАНСКА ПРОГРАМА, со број 10-1385/1 од 06.05.2022** година, за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт 5.2, Блок 5.2.6, Општина Прилеп.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. ПЛАНСКА ПРОГРАМА (ПДФ и DWG формат) со тех.бр.0801-249/22 од април 2022
2. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА КО ПРИЛЕП И КО ВАРОШ со дел.бр. 0806-925/1 од 22.12.2021 год.
3. БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Изработувачот на планската документација изработи Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт 5.2, Блок 5.2.6, Општина Прилеп, и преку Комисијата за урбанизам ја достави до Градоначалникот со предлог за одобрување.
Градоначалникот на Општина Прилеп по извршениот увид во приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

---

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп